ПРОДОЛЖУВА ИСПЛАТАТА НА СРЕДСТВА ОД ИПАРД ПРОГРАМАТА

По успешна реализација на инвестицијата, Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој исплати 14.011.280,50 денари на корисникот ЛАРС ДООЕЛ од Штип за набавка на опрема за подобрување и модернизација на производствените технологии во капацитетите за преработка на овошје и зеленчук.




Од вкупно исплатените средства, 10.508.460,50 денари се средства од буџетот на ЕУ и 3.502.820,00 денари се средства од буџетот на РМ.